# МОНЕТНИ НАОДИ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ ГРАДИШТЕ, с. ДРЕНОВО

Монетите кои се овде презентирани претставуваат наоди собирани од сопственикот на една нива во текот на неколку години заклучно со 1966 г. кога ги откупил Археолошкиот музеј на Македонија — Скопје.

Монетите потекнуваат од локалитетот Градиште што се наоѓа на 2. км. северозападно од с. Дреново, односно 18 км. југозападно од Стоби на просторот каде што бил лоциран античкиот град Еурист — првата станица на патот Стоби—Хераклеа спомената во Tabula Peutingeriana VII, 5. VIII, 1: Stopis—XII Euristo—XXIII I Ceramis. Од оваа полисма, којашто егзистирала во текот на многу векови, почнувајќи од протоисторијата па сè до рановизантискиот период потекнуваат бројни остатоци од површинска керамика, поединечни наоди на предмети од бронза и златен накит (III—II в. ст. е.) декоративна пластика и други остатоци од архитектонски објекти, а забележан е и поголем број монети од IV в. ст. е. наваму (на македонски владетели и македонски градови)[1].

Монетните наоди за кои овде станува збор се датираат од II в. ст. е. до IV в. н. е., односно во временски распон од шест века. Ако се има предвид фактот дека на ова градиште монети се јавуваат од IV в. ст. е. временскиот распон на нивното датирање се проширува уште за два века. За монетните наоди од II и I в. ст. е. како и за оние од почетокот на новата ера може сосема сигурно да се претпостави дека се најдени во Еурист, којшто се лоцира на ова градиште, и кој веројатно, го доживува во тој период својот најголем процут[2]. Во подоцнежниот период, особено по II половина на III век н. е. кога голем број градови во Македонија биле разурнати, а слична судбина го снашла и Еурист, градот не се обновил во поранешните рамки туку се оформила една неукрепена населба недалеку од градот[3] од чиј живот веројатно потекнуваат и монетите од III и IV в. н. е.

---

[1] И. Микулчиќ, *Топографија на Еу(да)рист*, Macedoniae Acta Archaeologica I, стр. 174, Прилеп 1975 г.

[2] ibidem, 177 стр.

[3] ibidem 178 стр.

Овој наод го сочинуваат 16 бронзени монети многу истрошени и уништени, со извесни исклучоци, кој факт покажува интензивна употреба на истите. Според временското датирање монетите можат да се поделат во три групи во зависност од тоа на кој временски период му припаѓаат. Во првата група влегуваат монетите од Амфиполис, Тесалоника и македонската автономна монета, кои се датираат во II и I в. ст. е. Подетално македонската автономна монета се датира помеѓу 185—148 г. ст. е.[4], а монетите коишто се ковани во Македонија во текот на II и I в. ст. е. можат да се поделат во две фази. Во првата фаза спаѓаат монетите ковани од 167 до 148 г. ст. е., а во втората монети ковани по 148 г. ст. е. кога Македонија била претворена во римска провинција, па сè до Октавијан Август[5]. Монети од оваа група кои можат најдоцна да се датираат се монетите со ликот на Јанус на аверсот и диоскури или кентаури на реверсот, за кои со сигурност се тврди дека се ковани по 88 г. ст. е. во Тесалоника и веројатно во истото тоа време во Амфиполис[6]. Според претставите кои ги содржат на аверсите и реверсите монетите ја следат традицијата на монетоковањето во хеленизмот. На аверсите најчесто се среќаваат претстави на богови и хероји од митологијата: Зевс, Артемида, Персеј, Јанус, Викторија (Нике) и други. Реверсите се постереотипни и најчесто го содржат името на градот во ловоров венец или со некои други атрибути, со извесни исклучоци како веќе споменатите диоскури и кентаури, потоа Артемида на бик кој трча, преден дел од лаѓа и сл.

Оваа група којашто содржи осум монети е најмногубројна, бидејќи ги содржи половината од вкупниот број на овде презентирани монети кои гледано од аспект на разновидноста на претставите се многу интересни.

Втората група вклучува монети ковани во македонските градови под римска власт во текот на I в. н. е. Такви се императорските бронзени монети ковани во Едеса во времето на Август, монетата од Тесалоника кована во времето на Тибериј и монетата кована во времето на Клаудиј без одбележана ковница. Карактеристично за оваа група, којашто содржи четири монети, е фактот што на аверсот секогаш се јавува ликот на императорот во чие време е кована монетата, каков што е случајот со ликот на Август на двете монети ковани во Едеса, ликот на Тибериј на монетата од Тесалоника на аверсот и ликот на Ливија (сопругата на Август) на реверсот и ликот на Клаудиј на монетата кована во времето на неговото владеење. Реверсите со исклучок на монетата од Тесалоника го содржат името на градот во венец или македонски штит.

---

[4] Н. Мушмовъ, *Античнитѣ монети на Балканския полуостровъ и монетитѣ на Бъліарскитѣ царе*, стр. 345, София 1912.

[5] А. Керамидчиев, *Нумизматичка остава од село Глишиќ (Кавадарско)*, стр. 151, Гласник на институтот за национална историја, Скопје 1973.

[6] B. V. Head, HISTORIA NUMORUM, a manual of Greek numismatics, Oxford 1911, str. 216, 217, 245.

Во третата група влегуваат монети од III и IV в.н.е. што претставува голем дисконтинуитет во однос на претходната група монети која завршува заклучно со 54 г.н.е. Празнината помеѓу овие две групи е скоро два века, затоа што првата монета од третата група е кована 240 г.н.е. односно третата година од владеењето на Гордијан Пиј (238—244)[7]. Освен оваа монета тука влегуваат и монетите од императорите на доцното царство: Крисп (317—326), Констанс (337—350) Валентијан I (364—375). Монетата од Гордијан Пиј е кована во Viminacium а останатите монети веројатно во некоја од осумте македонски ковници[8]. Со овие четири последни монети завршува третата група монети најдени во Еурист кои му припаѓаат на доцното римско царство.

Од сите досега овде презентирани монети неколку се издвојуваат по својата особеност и посебни атрибути во однос на останатите. Тоа се: Монетата кована во времето на Тибериј (14—37) г.н.е. во Тесалоника со ликот на Тибериј на аверсот и ликот на Ливија (неговата мајка сопругата на Август) на реверсот. Оваа монета има знак на контрамарка на аверсот што значи дека била во употреба за време на владеењето на некој друг император, најверојатно Калигула или Клаудиј кога поголем број монети биле неопходно потребни за исплата на најамничката војска пред или по некој воен поход. Во секој случај знакот на контрамарка е една интересна појава во разгледувањето на монетите која најчесто оддава некоја тогашна современа ситуација или потреба.

Монетата од Гордијан Пиј (238—244 г.н.е.) кована во Viminacium во провинцијата Moesia Superior. За разлика од останатите монети овде споменати, кои се сите без исклучок ковани во македонските градови, оваа монета (сосема добро сочувана) доаѓа од друга провинција на локалитетот на античкиот Еурист и укажува на трговските врски помеѓу двете провинции, а и на фактот дека северниот дел на провинцијата Македонија во тоа време немал своја ковница[9] и нејзината работа ја продолжила ковницата во Viminacium.

Најинтересна од оваа група е монетата од Валентинијан I (364—375 г.н.е.) која побудува и најголемо внимание заради нејзините специфични особености. Осврнувајќи се на Monnaies sous l'empire Romain од Cohen во VIII том од 80—99 стр. каде што се разгледани сите монети од овој император, на нашиот примерок најмногу одговараше монетата со реден број 7 со Ав. D. N. VALENTINIANUS P. F. AUG, неговата биста на десно со дијадема и оклоп и Рв. GLORIA ROMANORUM, Викторија оди на лево

[7] Н. Мушмовъ, *Античнитѣ монети на Балканския полуостровъ и монетитѣ на Българскитѣ царе*, стр. 345. София 1912.

[8] Amphipolis, Dion, Edessa, Cassandrea, Pella, Stobi, Thessalonike и Philippi А. Керамидчиев, *Нузмиматичка остава од село Глишиќ* (Кавадарско), стр. 151, Гласник на институтот за национална историја, Скопје 1973.

[9] Ковницата во Стоби престанува со работа во 222 г. н. е., А. Керамидчиев, *Римската монетарница во Стоби*, Зборник . . ., Скопје 1966 стр. 40.

и држи во десната рака корона, во левата палма. Оваа монета е сосема иста со таа од лок. Градиште со исклучок на натписот на реверсот кој кај нас гласи SECURITAS REI PUBLICAE што одговара на монетата под реден број 37 од истиот оддел за императорот Валентијан. Меѓутоа и тука има една разлика: оваа монета која во потполност одговара на нашата има различен аверс. Натписот и бистата се исти, но тука императорот е свртен на лево а на нашата монета на десно. По сето ова може да се заклучи дека монетата од лок. Градиште по аверс одговара на монетата под реден број 7 во VIII том на Monnaies sous l'empire Romain од Cohen а по реверс на редниот број 37, но како вака одбележана монета не фигурира кај Cohen и затоа е интересна гледано на неа од аспект на можна новина.

Монетите кои беа разгледани се вонредно оштетени и тешко читливи и не претставуваат според материјалот и зачуваноста особено репрезентативен наод. Меѓутоа, заради некои исклучоци беа вредни за споменување имајќи го предвид фактот дека Еурист како полисма не е доволно или уште подобро не е воопшто испитан со исклучок на научниот прилог на И. Микулчиќ, *Тойоīрафија на Еу(ga)рисш*, Macedoniae Acta Archaeologica I, Прилеп 1975, па секој прилог кој од било кој аспект фрла светлина врз него може да биде добродојден.

## Каталошки опис на монетите

I група Автономни монети од македонските градови

1. Македонска автономна монета (185—146) г.ст.е.
   Ae, 2, 150 гр. А. Викторија во ôд држи венец и палма.
   Р. ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ во средината македонски штит.
   Лит. Мушмов 5824 стр. 34.
2. Тесалоника по 168 г.ст.е.
   Ae, 5, 570 гр. А. Персеј со крилат шлем на десно (украсен со орлова глава).
   Р. ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΕΩΝ во два реда, монограм и клас во средината на дабов венец.
   Лит. Мушмов 6649 стр. 418.
3. Ae, 5, 150 гр. А. Глава на Артемида на десно.
   Р. Тул и монграм ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΕΩΝ.
   Лит. Мушмов 6600 стр. 415, Head стр. 245.
4. Амфиполис по 148 г.ст.е.
   Ae, 4, 6 гр. А. Глава на Артемида на десно (одзади лак и тул).
   Р. Артемида на бик кој трча на десно ΑΜΦΙΠΟΛΙΤΩΝ.
   Лит. Мушмов 5979 стр. 357, Head стр. 216.

5. Амфиполис и Тесалоника по 88 г.ст.е.
Ае, 4, 550 гр. А. Глава на Зевс со ловоров венец.
Р. Преден дел од лаѓа. Натпис нечит. можеби ΑΜΦΙΠΟΛΙΤΩΝ Мушмов 5998 стр. 358, Head стр. 317; или ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΕΩΝ Мушмов 6628 стр. 417.

6. Ае, 5, 650 гр. А. Глава на Јанус со две лица со ловоров венец.
Р. Диоскури на коњ во противположна состојба ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΕΣ
Лит. Мушмов 6633 стр. 417, Head стр. 245.

7. Ае, 3, 320, гр. А. Глава на Јанус со две лица.
Р. Два кентаура, едниот на десно другиот на лево. Без натпис на градот (Амфиполис или Тесалоника) Head стр. 216, 217, 245, Мушмов 6607 стр. 416.

8. Ае, 8, 950 гр. Монета од македонските градови од II—I в.ст.е. потполно нечитлива (Амфиполис?).

II група Императорски монети I в.н.е.

9 и 10. Октавијан Август (Augustus) 33—14 г.н.е.
Ае, 8,6 и 8,9 гр. А. ΚΑΙΣΑΡ ΣΕΒΑΣΤΟΣ неговата биста на десно.
Р. ΕΔΕΣΣΑΙΩΝ во два реда во ловоров венец.
Лит. Мушмов 6251 стр. 380.

11. Тибериј (Tiberius) 14—37 г.н.е.
Ае, 8,1 гр. А. ΤΙ ΚΑΙΣΑΡ ΣΕΒΑΣΤΟΣ глава на Тибериј на десно.
Р. ΘΣΣΑΛΟΝΙΚΕΩΝ ΣΕΒΑΣΤΗ глава на Ливија со собрана одзади коса и со ловоров венец.
Лит. Мушмов 6692 стр. 421.

12. Клаудиј (Claudius) 41—54 г.н.е.
Ае, 10,1 гр. А. ΤΙ ΚΛΑΥΔΙΟΣ ΚΑΙΣΑΡ неговата глава.
Р. ΣΕΒΑΣΤΟΣ ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ македонски штит.
Лит. Мушмов 5874 стр. 349.

III група Императорски монети од III и IV в.н.е.

13. Гордијан Пиј (Gordianus Pius) 238—244 г.н.е.
Ае, 17,2 гр. А. IMP. CAES. M. ANT. GORDIANUS AUG. неговата глава или биста.
Р. P.M.S. COL VIM AN III (Provincia Moesia Superior colonia Viminacium.
Мезија исправена помеѓу лав и бик.
Лит. Мушмов 32 стр. 5, Head стр. 273, Cohen том V ред бр. 418 стр. 68.

14. Крисп (Crispus) 317—326 г.н.е.
Ae, 3,0 гр. a. CRISPUS NOB. CAES. неговата глава со ловоров венец на десно.
P. CAESARUM NOSTRORUM во средината ловоров венец во кој се чита X или V.
Лит. Cohen том VII, ред. бр. 41, стр. 342.

15. Констанс (Constans) 337—350 г.н.е.
Ae, 3,8 гр. A. D. N. CONSTANS P. F. AUG. неговата биста со дијадема и оклоп на десно, покрај главата A.
P. FEL. TEMP. REPARATIO. Констанс свртен на лево во војничка одора, во рацете држи феникс и лабарум, десно од него седи Викторија држи крма во левата рака и го гледа императорот.
Лит. Cohen том VII ред. бр. 9 стр. 406.

16. Валентинијан I (Valentinianus) 364—357 г.н.е.
Ae, 2,4 гр. A. D. N. VALENTINIANUS P. F. AUG. неговата биста на десно со дијадема и оклоп.
P. SECURITAS REI PUBLICAE. Викторија оди на лево, држи круна во десната и палма во левата рака.
Лит. Cohen том VIII ред. б.р. 7 стр. 87, ред. бр. 37 стр. 91.

*Скопје.* *Елеонора Петрова.*

## *SUMMARY*

*Eleonora Petrova*: COIN FINDS FROM THE LOCALITY GRADIŠTE, VILLAGE DRENOVO

The coins which are presented here are finds collected by the owner of a field in a period of few years until 1966, when the Archaeological Museum in Skopje bought them.

The coins originated from loc. Gradište, situated 2 km. NW of v. Drenovo, or 18 km. SW of Stobi where the ancient town Euristos was probably located. From loc. Gradište originate many finds of surface pottery, bronze finds and gold jewels, decorative plastic and other finds of architectural objects as well as a great number of coins from IV c. B.C.

The coins we are speaking about date from II c.B.C. to IV c. A.D. or in a span term of six centuries. They are 16 bronze coins very exhausted and destroyed. According to the period to which they belong we could classify them into three groups. In the first group are the coins from the Macedonian towns Amfipolis and Thessalonike and an autonomous Macedonian coin, dated with II and I c. B.C. The second group includes coins which were coined in the Macedonian towns under the Romans in I c.B.C., and in the third group are the coins from III and IV c. A.D. which belonged to the Late Roman empire.

Some of the surveyed coins may be classified according to their own peculiarities and special attributes: the coin minted in the period of Tiberius'reign in Thessalonike has a „contramark" sign on the obverse which means that it was also used during the reign of some other emperor, the coin of Gordianus Pius coined in Viminacium in the province Moesia Superior, and the most interesting from all the finds, the coin of Valentinianus I, which is not listed in Cohen's Monnaies sous l'empaire Romain, since in our example the emperor is turned to the right while at Cohen's he is turned to the left. That is why it is rather interesting and is considered as possibly new one.

I



1



2



3



4



5



6



7



8

II



9



10



11



12



13



14



15



16